# ПОЛИТИКА ЗА ЈАГЛЕРОДЕН ОТПЕЧАТОК

Оваа политика го дефинира пристапот за управување со јаглеродниот отпечаток во „Алкалоид“, применувајќи ги принципите за одржлив развој на Обединетите нации и насоките од Европскиот зелен договор на Европската комисија за намалување на негативните влијанија од климатските промени.

Оваа политика се однесува на сите активности и на сите производи и процеси во рамките на интегрираниот систем за управување на „Алкалоид“, регулиран со cGxP, CE и со применетите стандарди во „Алкалоид“.

„Алкалоид“ е посветен на:

- идентификување на изворите на стакленички гасови и воспоставување процес на мерење на генерираните стакленички гасови како индикатор за јаглероден отпечаток;
- пресметка на создадениот еквивалент на јаглероден диоксид – $CO_2eq$ – и следење на трендот во однос на генерираните емисии во 2022 како базна година;
- поставување мерки за намалување на емисиите на стакленички гасови во сите процеси на компанијата и за следење на нивната примена;
- подигнување на свеста на вработените за нивното влијание врз создавањето стакленички гасови;
- следење и практична примена на најновите иновации од областа на енергетската ефикасност, како и од транспортните и од производствените системи, како начин за намалување на јаглеродниот отпечаток;
- проценка на влијанието од синџирот за дистрибуција, снабдување, испорака и за услуги од други ентитети во создавањето стакленички гасови и нивно охрабрување да воспостават своја политика за намалување на создавањето стакленички гасови (јаглероден отпечаток);
- примена на барањето за намалена емисија на стакленички гасови при изборот на добавувачи, како и при развојот на нови производи и технологии.

Процесот на управување со јаглеродниот отпечаток обезбедува:

- промовирање план за управување со јаглеродниот отпечаток преку примена на најдобрите достапни практики при сите промени во процесите, суровините, опремата и во просториите;
- правилна идентификација, следење и управување со ризиците при генерирање на јаглеродниот отпечаток;
- насочена обука и едукација за персоналот и за засегнатите страни;
- ангажирање на засегнатите страни со цел поттикнување примена на најдобрите достапни практики за управување со јаглеродниот отпечаток;
- примена и континуирано подобрување на системот за управување со животната средина.

Скопје, 14.02.2023 година

Генерален директор
Живко Мукаетов

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ